Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-3561/4 од 06.06.2022 год.**
**(врска бр. 13-1855 од 2021 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година и годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2022 година бр.09-10907/4 од 30.12.2021 година за изработка на детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, Општина Кисела Вода, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

## РЕШЕНИЕ

за формирање комисија за спроведување на постапка
за повторна јавна анкета и јавна презентација по
детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06,
предлог план, Општина Кисела Вода,
плански период 2020-2025

1. Се формира Комисија за спроведување на повторна јавна анкета по детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, предлог план, Општина Кисела Вода

2. Комисијата има задача да подготви и објави анкета за изложување на предлог Деталниот урбанистички план, да ја следи јавната анкета и врз основа на забелешките од граѓаните да подготви извештај со образложение за прифатени и неприфатени забелешки.

3. Комисијата се состои од 3 члена од кои еден член е претставник на изработувачот на планот, еден член – вработено лице од општинската

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

администрација надлежно за урбанистичко планирање и еден член е стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

4. За членови на Комисијата се именуваат:
- Маја Зафировска, д.и.а – Претставник од Ин-пума Скопје
- Валентина Вељановска д.и.а - Претставник од Општина Кисела Вода
- Кирил Димески д.и.а – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање

5. Решението да се достави до членовите на Комисијата

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Орце Ѓорѓиевски